Врз основа на член 65 став 21 од Законот за занаетчиство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 215/15), министерот за економија донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на решението за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора, како и формата и содржината на решението за одбивање на барањето за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора.

Член 2

Решението за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора, се издава во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Решението за одбивање на барањето за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора се издава во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. ________________________ Министер за економија,

Скопје, ____________________ Крешник Бектеши

ПРИЛОГ 1

Врз основа на член 65 став 16 од Законот за занаетчиство, решавајќи по Барањето бр. _________ од ___________ година поднесено од Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________, министерот за економија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора

На Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________ ѝ се доделува јавно овластување за извршување на следните задачи:
- вршење на уписи, промена и бришење во Занаетчискиот регистар во електронска и хартиена форма, според постапка определена со Законот за занаетчиство и донесување на одлуки по поднесени барања за упис, промена и бришење и
- издавање и одземање на занаетчиска дозвола според постапка определена со Законот за занаетчиство.

Јавното овластување трае се додека Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________ ги исполнува условите дадени во член 69 став 1 од Законот за занаетчиство.

Решението стапува во сила од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Министерството за економија Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________, поднесе Барање бр. _________ од ___________ година за добивање на Решение за доделување на јавно овластување на занаетчиска комора.

Кон Барањето Општинската / Регионалната занаетчиска комора од ________________ ги има приложено сите потребни докази дека се исполнети условите согласно член 69 став 1 од Законот за занаетчиство.
Министерството за еконономија разгледувајќи го Барањето бр.____________ од _____________ година утврди дека се исполнети условите за доделување на јавно овластување определени со член 69 став 1 од Законот за занаетчиство и се донесе решение како во диспозитивот.

Бр. ________________________ М.П Министер за економија,

Скопје, ____________________ ________________

(потпис)

ДОСТАВЕНО ДО:
-подносителот на барањето

ПРИЛОГ 2

Врз основа на член 65 став 17 од Законот за занаетчиство, министерот за економија донесе

РЕШЕНИЕ
за одбивање на барањето за доделување
на јавно овластување на занаетчиска комора

СЕ ОДБИВА барањето на Општинската / Регионалната занаетчиска комора од _________________ за доделување на јавното овластување за извршување на задачите утврдени во член 68 од Законот за занаетчиство, бр._____ од ____________ година поради ______________________________________________________________________________________________ _____________________________________________________________________________________________.

Образложение

На ден ____________________ Општинската / Регионалната занаетчиска комора од _________________ поднесе барање до Министерството за економија за доделување на јавно овластување за извршување на задачите утврдени во член 68 од Законот за занаетчиство.

Комисијата за доделување, одземање и контрола за вршење на јавните овластувања формирана со Решение бр. __________________ од __________________ од министерот за економија го разгледа барањето и утврди дека не се исполнети условите за доделување на јавното овластување поради _________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________________

и достави предлог да се одбие барањето .

Согласно горе наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

Бр. _______________________

Скопје, ___________________

М.П

Министер за економија,

_________________

(потпис)

ДОСТАВЕНО ДО:
- подносителот на барањето
- Централен регистар